Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на **25.09.2013** година спроведе **редовна посета** на Јавната установа Детски дом “11 Октомври” Скопје. Оваа посета беше реализирана во соработка со Здружението на социјални работници на Град Скопје и Комората на психолози на Република Македонија. Согласно член 11-а Народниот правобранител обезбедува посебна заштита на правата на децата, лицата со посебни потреби и на лицата кои се предмет на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, а согласно член 31-а Народниот правобранител за реализација на активностите врши редовни и ненајавени посети во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена за што подготвува посебен извештај.

Оваа посета имајќи во предвид дека се спроведе ненајавено започна со разговор на воспитувачите кои дента беа на работа, увид во просториите за сместување и разговор со децата сместени во домот, како и разговор со социјалниот работник и медицинската сестра.

Националниот превентивен механизам не доби поплаки за тортура или друг вид на сурово, нехумано или понижувачко постапување. Помал број од децата само искажаа незадволство од пасивниот однос на дел од воспитувачите и сметаат дека установата треба да има проактивен пристап кон нив со засилена грижа, надзор и обезбедување на дополните занимања во текот на денот. Установата се грижи за сместување, исхрана, облекување, услуги на нега и грижа за здравјето, услуги на социјална заштита, услуги на педагошка работа, услуги од психолошки домен, воспитување, редовна настава, стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, како и организирање на различни облици на работа и живот.

Во сите станбени единици материјалните услови се на високо ниво, со потреба од дополнително варосување кај мал дел од собите, како и навремено одржување на тоалетите (замена на туш батериите, туш кабините кои се оштетени, замена на прегорени светилки или поставување на нови, како и уредно изолирање на каблите за струја).

За децата во домот од здравствен аспект се грижи медицинска сестра која води досие за секој штитеник посебно, а воедно и учествува во изготовката на листата за јадења на неделна основа. Согласно увидот во листата не беше забележано дека се прави разлика на храната по основ на религиозна основа и во таа насока НПМ смета дека е потребно почитување на религиозните потреби и во тој поглед.

Како резултат на реализираната посета Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки до Домот, како и до Министерството за труд и социјална политика.